# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО


| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 27.12.2018 БРОЈ 15 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |


## С О Д Р Ж И Н А


З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски..........................................................................................................................

О Д Л У К А за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски........

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски...............

О Д Л У К А за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.........................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за одобрување на вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски................................

О Д Л У К А за одобрување на вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.......................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за определување на локација за закопување на мрши на територијата на општина Берово..........................................................

О Д Л У К А за определување на локација за закопување на мрши на територијата на општина Берово...........................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите.......................

О Д Л У К А за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите..........................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Л А Н За контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година)..............................................

ПЛАН За контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година)..........................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2019 година...........................................................................................................................

О Д Л У К А за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2019 година.......................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р А В И Л Н И К за критериумите и постапката за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово..............................................................................................

П Р А В И Л Н И К за критериумите и постапката за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово.........................................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2019 ГОДИНА..........................................................................................

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2019 ГОДИНА.........

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ ) За изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година.........................................................................................................................

П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ ) За изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година...........................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ОБЛАСТИ И ОБЈЕКТИ ( 2019 год.).............................................................

ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ОБЛАСТИ И ОБЈЕКТИ ( 2019 год.)..........................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Г1 ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2019 ГОДИНА...........

Г1 ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2019 ГОДИНА.........................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2019 година................

Измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2019 година.............................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2018 година..................................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2018 година..................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на донација.......................

О Д Л У К А за прифаќање на донација.................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Измени и дополнувања на Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово...................................................

Измени и дополнувања на Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово............................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови на Совет за јавно здравје на подрачјето на Општина Берово.......................................

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови на Совет за јавно здравје на подрачјето на Општина Берово............................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Берово.........................................................................................

О Д Л У К А За формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Берово..................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За именување Командант, Началник и членови на Штабот за заштита и спасување на општината Берово.........................................

О Д Л У К А За именување Командант, Началник и членови на Штабот за заштита и спасување на општината Берово.........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За формирање на Единица за Противпожарна заштита на општината Берово…………………………………………………

О Д Л У К А За формирање на Единица за Противпожарна заштита на општината Берово...

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За поставување Команда, и командир на Единица за Противпожарна заштита на Општина Берово……………………………………

О Д Л У К А За поставување Команда, и командир на Единица за Противпожарна заштита на Општина Берово………………………………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За формирање Универзална единица за заштита и спасување на општината Берово……………………………………………………

О Д Л У К А За формирање Универзална единица за заштита и спасување на општината Берово…………………………………………………………………………………….

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За поставување Команда, и командир на Универзалната единица за заштита и спасување……………………………………………

О Д Л У К А За поставување Команда, и командир на Универзалната единица за заштита и спасување………………………………………………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За определување на тарифата за одбележување и одржување на авто такси станици на Општина Берово………………………

О Д Л У К А За определување на тарифата за одбележување и одржување на авто такси станици на Општина Берово……………………………………………………………….

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Одлуката за собирање на смет во с.Митрашинци……………………………………………..

З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Одлуката за собирање на смет во с.Митрашинци…………………………………………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Одлуката за собирање на смет во с.Мачево……………………………………………………

З А К Л У Ч О К за давање на согласност на Одлуката за собирање на смет во с.Мачево……

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К За усвојување на Деветмесечен финансиски извештај на ЈПКР „Услуга''- Берово за 2018 година……………………………...

З А К Л У Ч О К За усвојување на Деветмесечен финансиски извештај на ЈПКР „Услуга''- Берово за 2018 година…………………………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2019 година……………………………………………...

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2019 година…………………………………………………………………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната Програма за работа на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово за 2019 година………………...

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната Програма за работа на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово за 2019 година………………………………………………………...

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III (трето) одделение..

З А К Л У Ч О К за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III (трето) одделение……………………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI (шесто) одделение...

З А К Л У Ч О К за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI (шесто) одделение……………………………………………….

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX (деветто) одделение.

З А К Л У Ч О К за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX (деветто) одделение……………………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За изменување на образец Образец В1 Развојна Програма за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево, Бр.22-3479/1 од 19.10.2018 година……………………………………………………………….

О Д Л У К А За изменување на образец Образец В1 Развојна Програма за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево, Бр.22-3479/1 од 19.10.2018 година…………

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2019 година…………………………………………………………………...

О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2019 година………..

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за преотстапување на телевизор TV Elektra LED 43" ET-43FHD18S-T2 SMART ANDROID на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово, а за потребите на Дневниот центар за деца со ментална или телесна попреченост…………………………………………………………………………..

О Д Л У К А за преотстапување на телевизор TV Elektra LED 43" ET-43FHD18S-T2 SMART ANDROID на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово, а за потребите на Дневниот центар за деца со ментална или телесна попреченост………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на Буџет на Општина Берово за 2019 година……………

Буџет на Општина Берово за 2019 година……………………………………………………..

З А К Л У Ч О К за објавување на Буџетски календар на Општина Берово за 2019 година………………………………………………………………………………………

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР за 2019 година...........................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А Т А за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година.........................................................................................

О Д Л У К А за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година............................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година.......................................................................................................................

ОДЛУКА за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година..........................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Весна Црначка............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Атанас Вучковски.......................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Весна Црначка............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Драги Тушевски..........................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Звонко Глинџурски......................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Емилија Сачкарска......................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Љупка Пехчевска..........................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на лицето кое ќе биде добитник на среќниот тикет на новогодишната лотарија организирана од страна на Средношколската заедница при ОСУ “Ацо Русковски” Берово..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за одобрување за користење на средства согласно
Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и
единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за
финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Се објавува О Д Л У К А Т А за одобрување за користење на средства согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, Бр.09-4250/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/1 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.5/2002), член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07, 30/08 и 20/10), и член 11 став 1 од од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.209/2018), Советот на Општина Берово на 16-тата Седница одржана на ден 27.12.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување за користење на средства согласно
Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Член 1

Советот на Општина Берово врз основа на:

- Изјавата на раководното лице на Дом на култура “Димитар Беровски” Берово, Бр.05-221/1, од 12.12.2018 година, примена во Општина Берово под Бр.05-3859/10 од 12.12.2018 година;
- Изјавата на раководното лице на ОЈУ за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово, Бр.03-149 од 11.12.2018 година, примена во Општина Берово под Бр. 05-3859/9 од 11.12.2018 година и
- Изјавата на раководното лице на ОЈУД “23 Август” Берово, Бр.03-321/1 од 11.12.2018 година, примена во Општина Берово под Бр. 05-3859/8 од 11.12.2018 година,

како единствени единки корисници на Општина Берово кои заклучно со 30.09.2018 година во ЕСПЕО имаат пријавени доспеани, а неплатени обврски, одобрува средствата определени за:

- Домот на културата “Димитар Беровски” Берово, во висина од 13.516,00 денари;
- ОЈУ за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово во висина од 6.682,00 денари и
- ОЈУД “23 Август” Берово во висина од 265.615,00 денари,

да се користат за финансирање на доспеаните, а неплатени обврски на општината.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4250/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 година Претседател
Берово Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Се објавува О Д Л У К А Т А за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, Бр.09-4251/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/2 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.5/2002), член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07, 30/08 и 20/10), и член 8 став 4 од од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.209/2018), Советот на Општина Берово на 16-тата Седница одржана на ден 27.12.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Член 1

Советот на Општина Берово го одобрува Извештајот на Општина Берово за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот на Општина Берово за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4251/1
27.12.2018 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Општина БЕРОВО

| Реден број | Доверител(Назив на доверител) | Вкупен износ на пријавени,доспеани,а неплатени обврски во ЕСПЕО заклучно со 30.09.2018 | Вкупен износ на доспеани,а неплатени обврски(основен долг со камата и други трошоци)со состојба 30.09.2018 утврдено со записник по преговори | Договорен износ за доспеани,а неплатени обврски со состојба 30.09.2018 утврдено со записник по преговори | % на намалување на доспеаните а неплатени обврски | Износ кој ќе се подмири со обезбедените средства како финансиска поддршка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=5/4*100 | 7 |
| 1 | СТОИМЕНОВ, ДООЕЛ - КОЧАНИ | 7.191.277,00 | 7.191.277,00 | 6.112.585,00 | 15% | 6.112.585,00 |
| 2 | АДВ.КИРИЛ КОВЧЕГАРСКИ | 275.010,00 | 275.010,00 | 233.759,00 | 15% | 233.759,00 |
| 3 | ДРАГАН МУСТАЧКИ | 45.856,00 | 45.856,00 | 38.978,00 | 15% | 38.978,00 |
| 4 | ВИОЛЕТА М. ДИМОВСКА | 33.513,00 | 22.342,00 | 18.991,00 | 15% | 18.991,00 |
| 5 | АНТОНИО ДВОЈАКОВСКИ | 33.513,00 | 22.342,00 | 18.991,00 | 15% | 18.991,00 |
| 6 | ЗЛАТКО СКЕНДЕРСКИ | 33.513,00 | 22.342,00 | 18.991,00 | 15% | 18.991,00 |
| 7 | ФАХРУДИН МУСТАФОВ | 45.563,00 | 45.563,00 | 38.729,00 | 15% | 38.729,00 |
| 8 | „ГАБЕР ПРОЕКТ“,ДООЕЛ - БЕРОВО | 64.310,00 | 64.310,00 | 54.664,00 | 15% | 54.664,00 |
| 9 | СЛАВИЦА ФУРНАЏИСКА | 45.856,00 | 45.856,00 | 38.978,00 | 15% | 38.978,00 |
| 10 | МИТКО ИЛИЈЕВСКИ - БЕРОВО | 2.396.666,00 | 1.884.437,00 | 1.840.773,00 | 2% | 1.840.773,00 |
| 11 | СД-ТРАНС,ДООЕЛ - с.Звегор,Делчево | 900.546,00 | 400.546,00 | 400.546,00 | 0% | 400.546,00 |
| 12 | ЗЕЛС - СКОПЈЕ | 475.279,00 | 391.279,00 | 391.279,00 | 0% | 391.279,00 |
| 13 | ДГТ„ЖИКОЛ“, ДООЕЛ - СТРУМИЦА | 3.229.081,00 | 3.058.232,00 | 3.058.232,00 | 0% | 3.058.232,00 |
| 14 | ДЕЈАН КАЛАМАДЕВСКИ - БЕРОВО | 884.877,00 | 858.492,00 | 858.492,00 | 0% | 858.492,00 |
| 15 | Извршител ПАВЕЛ ТОМАШЕВСКИ (АД ПЕЛАГОНИЈА СКОПЈЕ во стечај) | 26.356.657,00 | 22.144.550,00 | 22.144.550,00 | 0% | 11.265.352,00 |
| ВКУПНО | | 42.011.517,00 | 36.472.434,00 | 35.268.538,00 | | 24.389.340,00 |
| Место и датум | | | | | Градоначалник | |
| | | | | | Звонко Пекевски | |
| Број на Одлука на Совет на општина____________ | | | | | ________________ | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за одобрување на вкупниот договорен износ по доверители
за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Се објавува О Д Л У К А Т А за одобрување на вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, Бр.09-4252/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/3 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.5/2002), член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07, 30/08 и 20/10), и член 8 став 4 од од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.209/2018), Советот на Општина Берово на 16-тата Седница одржана на ден 27.12.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на вкупниот договорен износ по доверители
за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Член 1

Советот на Општина Берово го одобрува вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е вкупниот договорен износ на Општина Берово по доверители, за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4252/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 година Претседател
Берово Јован Матеничарски с.р.

Вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

Општина БЕРОВО

| Реден број | Доверител(Назив на доверител)збирно за општина и единки корисници | Вкупен износ на пријавени,доспеани,а неплатени обврски во ЕСПЕО заклучно со 30.09.2018 | Вкупен износ на доспеани,а неплатени обврски(основен долг со камата и други трошоци)со состојба 30.09.2018 утврдено со записник по преговори | Договорен износ за доспеани,а неплатени обврски со состојба 30.09.2018 утврдено со записник по преговори | Износ кој ќе се подмири со обезбедените средства како финансиска поддршка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 |
| 1 | СТОИМЕНОВ, ДООЕЛ - КОЧАНИ | 7.191.277,00 | 7.191.277,00 | 6.112.585,00 | 6.112.585,00 |
| 2 | АДВ.КИРИЛ КОВЧЕГАРСКИ | 275.010,00 | 275.010,00 | 233.759,00 | 233.759,00 |
| 3 | ДРАГАН МУСТАЧКИ | 45.856,00 | 45.856,00 | 38.978,00 | 38.978,00 |
| 4 | ВИОЛЕТА М. ДИМОВСКА | 33.513,00 | 22.342,00 | 18.991,00 | 18.991,00 |
| 5 | АНТОНИО ДВОЈАКОВСКИ | 33.513,00 | 22.342,00 | 18.991,00 | 18.991,00 |
| 6 | ЗЛАТКО СКЕНДЕРСКИ | 33.513,00 | 22.342,00 | 18.991,00 | 18.991,00 |
| 7 | ФАХРУДИН МУСТАФОВ | 45.563,00 | 45.563,00 | 38.729,00 | 38.729,00 |
| 8 | „ГАБЕР ПРОЕКТ“,ДООЕЛ - БЕРОВО | 64.310,00 | 64.310,00 | 54.664,00 | 54.664,00 |
| 9 | СЛАВИЦА ФУРНАЏИСКА | 45.856,00 | 45.856,00 | 38.978,00 | 38.978,00 |
| 10 | МИТКО ИЛИЈЕВСКИ - БЕРОВО | 2.396.666,00 | 1.884.437,00 | 1.840.773,00 | 1.840.773,00 |
| 11 | СД-ТРАНС,ДООЕЛ- с.Звегор , Делчево | 900.546,00 | 400.546,00 | 400.546,00 | 400.546,00 |
| 12 | ЗЕЛС - СКОПЈЕ | 475.279,00 | 391.279,00 | 391.279,00 | 391.279,00 |
| 13 | ДГТ„ЖИКОЛ“, ДООЕЛ - СТРУМИЦА | 3.229.081,00 | 3.058.232,00 | 3.058.232,00 | 3.058.232,00 |
| 14 | ДЕЈАН КАЛАМАДЕВСКИ - БЕРОВО | 884.877,00 | 858.492,00 | 858.492,00 | 858.492,00 |
| 15 | Извршител ПАВЕЛ ТОМАШЕВСКИ (АД ПЕЛАГОНИЈА Скопје во стечај) | 26.356.657,00 | 22.144.550,00 | 22.144.550,00 | 11.265.352,00 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| ВКУПНО | | 42.011.517,00 | 36.472.434,00 | 35.268.538,00 | 24.389.340,00 |

Место и датум

Број на Одлука на Совет на општина_____________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за определување на локација за закопување на мрши
на територијата на општина Берово

Се објавува О Д Л У К А Т А за определување на локација за закопување на мрши на територијата на општина Берово, Бр.09-4253/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/4 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02 , 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со Извадокот од Нацрт – записникот од 107-та Седница на Влада на Република Македонија Бр.44-10516/1 од 11.12.2018 година, Советот на Општина Берово на 16-тата седница одржана на ден 27.12.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за определување на локација за закопување на мрши
на територијата на општина Берово

Член 1

Како локација за закопување на мрши и угинати животни на територијата на општина Берово, се определува просторот кој е дел од КП 13691, КО Берово вон-град, и дел од КП 2574, КО Смојмирово вон-град, кои парцели претставуваат земјиште во сопственост на Р. Македонија.

Член 2

Оваа локација и во изминатиот период е користена за истата намена од општествените организации кои стопанисуваа со добиточниот фонд на територијата на општина Берово.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е и графичкиот прилог од катастарската подлога со обележана локација за закопување на мрши и угинати животни.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4253/1 Совет на Општина Берово
27.12.2018 година Претседател
Берово Јован Матеничарски с.р.

ЛОКАЦИЈА ЗА ЈАМА ЗА МРШИ И УГИНАТИ ЖИВОТНИ



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите

Се објавува О Д Л У К А Т А за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите, Бр.09-4254/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/5 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02 , 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со Извадокот од Нацрт – записникот од 107-та Седница на Влада на Република Македонија Бр.44-10516/1 од 11.12.2018 година, Советот на Општина Берово на 16-тата седница одржана на ден 27.12.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за обезбедување на механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите

Член 1

Советот на Општина Берово во својство на основач го задолжува Јавното Претпријатие за Комунални Работи “Услуга” Берово во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите на територијата на Општина Берово да ја стави на располагање механизацијата и техничката опрема која ја поседува, за преземање на потребните мерки согласно Закон.

Член 2

За регулирање на правата и обврските согласно оваа Одлука, Градоначалникот на општина Берово и Директорот на ЈПКР “Услуга” Берово ќе склучат посебен Договор.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4254/1 Совет на Општина Берово
27.12.2018 година Претседател
Берово Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Л А Н
За контрола на популацијата на бездомни кучиња на
територијата на Општина Берово
(2019-2021 година)

Се објавува П Л А Н за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година), Бр.09-4255/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/6 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.Весник на РМ„ бр. 149/2014, 149/2015 и 53/2016), и член 19 став 2 точка 11 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07,30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на ден 27.12.2018 година, донесува:

**ПЛАН**
**За контрола на популацијата на бездомни кучиња на**
**територијата на Општина Берово**
**(2019-2021 година)**

## I. ВОВЕД

Во врска со решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните кучиња и се поизразениот проблем со кој граѓаните на Општина Берово се соочуваат, а заради контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и во согласност со позитивните законски прописи во Република Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните на општината.

Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.Весник на РМ„ бр. 149/2014, 149/2015 и 53/2016), општините се надлежни за вршат собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку се затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта.

Со овој План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година), се утврдуваат насоките за третирање на бездомните кучиња, условите, организацијата и начинот на реализација на територијата на Општина Берово.

## II. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Општата цел на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година), е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат во наведениот период, а заради ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомните кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните, како би се обезбедила ефективна заштита на населението на територијата на Општина Берово.

## III. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ

Планирани се следните мерки:

- Заловување на животни;
- Транспорт на животните до прифатилиште;
- Прием и преглед од доктор на ветеринарна медицина;
- Лабораториско испитување на заразни болести согласно со прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоаза;
- Ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија;
- Постоперативно сместување и нега;
- Вакцинација и дехелментација;
- Обележување со микрочип;
- Враќање на заловените кучиња на реонот на нивното заловување или вдомување на кучињата;
- Еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство;
- Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Планот за контрола на популацијата на бездомните кучиња ги дава основните насоки од кои ќе произлезат Годишни програми за контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Берово. Годишната програма ќе ја реализира субјект кој општината ќе го избере на јавен повик и кое ќе ги исполнува условите за изведување на активности согласно Закон.

## IV. ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

### IV.1 Заловување, транспорт, идентификација и евиденција

Обучени лица кои што поседуваат легитимација спроведуваат заловување на кучињата, а се обезбедени со соодветна униформа и средства за лична заштита.

Заловувањето се врши со следната опрема: возило, јамки-мрежи за заловување, пушка(сафари) за хемиско заловување на кучињата, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки. Транпортот се врши од местото на заловување до прифатилиштето.

На лице место се врши теренска идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација – секое заловено куче веднаш се евидентира, се заведуваат податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци , место на заловување и др.

### IV.2 Престој во прифатилиште, ветеринарномедицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Прифатилиштето треба да обезбедува елементарни услови за спроведување на соодветни мерки и персонал за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е потребно лекување на животните.

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиштето.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно со закон и тој одлучува кој од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

- во согласност со важечките закони;
- кога животното е заболемо од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или на луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна дијагноза, тешко повредени животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;
- кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

» кога кучињата поминале минимун временски период потребен за исцрпување на можност за вдомување.

Медицинскиот третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарното друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство и кое има договор за ветеринарно медицински третман на животните со прифатилиштето. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето каде се врши редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарни-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Прифатилиштето е должно да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус појави од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болести и кучињата се третираат со средство против ектопаразити. Животните се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат со тоа што истите се обележани со микрочип, вратените на реонот дополнително треба видливо да се обележат а вдомените се внесуваат во Ветеринарно информативниот систем.

Приоритет се дава на вдомување на животните.

Општина Берово за периодот (2019-2021 година) ќе изготви и усвои планска документација за изградба на соодветен простор за современо прифатилиште кое ќе ги исполни сите стандарди за елементарна заштита и третман на кучињата, доколку условите и финансиската состојба на општината го дозволуваат истото.

Општината ќе донесе соодветни акти кои ќе овозможат субвенционирање на сопствениците на регистрираните кучиња, по различни основи.

**IV.3 Подигање на јавната свест**

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Спроведување на разни форми на комуникација со граѓаните, спороведување едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, организирање акции и настани за вдомување на кучињата се важен дел кој на подолг рок ќе го ограничи бројот на кучињата на улица и ќе овозможи одржливост на планските активности.

Активности за спроведување на кампања за подигање на јавната свест ќе се организираат секоја година во месец Март. Дополнително во текот на планскиот период најмалку двапати месечно ќе се спроведувваат теренски контроли во однос на одговорно сопственииштво. Истите ќе се спроведуваат комбинирано во состав комунален инспектор, комунални редари со вклучување на ветеринарни инспектори, а на истите ќе се врши непосредна едукација за законските обврски на сопствениците на кучиња.

## V.ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Планот предвидува интензитетот на заловувањето на бездомни кучиња – скитници за планскиот период да биде околу 210 или по 70 кучиња годишно, на јавни локации на територијата на Општина Берово, во зависност од потребите и условите на терен.

Согласно Планот, сите подетални активности ќе се предвидат во Годишни програми за контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Берово.

## VI.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите ќе се финансираат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Берово.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Берово (2019-2021 година), ќе се применува по одобрување на истиот од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија .

Надзор над реализацијата на планот врши Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина во Општина Берово.

Бр.09-4255/1
27. 12.2018 година

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 женки-кучиња
на територијата на општина Берово во текот на 2019 година

Се објавува О Д Л У К А за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2019 година, Бр.09-4256/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/7 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.05/2002) и член 75 став 3 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово" бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), а во врска со член 28 став 5 од Законот за заштита и благосостојба на животните, ("Службен Весник на Република Македонија" бр.149/2014, 149/2015 и 53/2016), Советот на општина Берово, на 16-тата седница одржана на ден 27.12.2018 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 женки-кучиња
на територијата на општина Берово во текот на 2019 година

Член 1

Општина Берово ќе врши субвенционирање на 50% од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово, во текот на 2019 година.

Со оваа Одлука се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и постапката за спроведување.

Член 2

Субвенцијата се состои од:

• Покривање на 50% од трошоците кои лицето - сопственик на женка-куче ги има направено за стерилизација на истото.

Член 3

Општина Берово на својата веб страна ќе објави јавен повик за субвенционирање на 50% од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2019 година.

Јавниот повик ќе трае во текот на целата 2019 година или до исполнување на квотата од 50 (педесет) уредни и комплетни Барања за субвенционирање, во зависност од тоа што попрво ќе истече или ќе се исполни.

Член 4

Доколку на повикот се пријават повеќе од 50 (педесет) лица кои ги исполнуваат условите за субвенцинирање, Комисијата ќе го примени принципот "прв дојден- прв услужен", односно правото ќе го остварат првите 50 (педесет) лица, чии Барања за субвенционирање ќе бидат навремени и кои во целост ги исполнуваат условите од повикот.

Член 5

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на општина Берово ќе можат да го користат сопственици на женки кучиња кои во рок од 30 (триесет) дена од извршената стерилизација на кучето, до Општина Берово ќе поднесат Барање за субвенционирање на 50% од трошоците за стерилизација на женка-куче со следната документација:

- ✓ фотокопија од лична карта на сопственикот (како доказ дека има регистрирана адреса на живеење на територијата на општина Берово);
- ✓ Доказ дека кучето е чипирано (како доказ за сопственост на кучето);
- ✓ Потврда од Регистрирана ветеринарна установа за извршена стерилизација на кучето;
- ✓ Доказ за извршена уплата на средства, како и висината на трошоците за извршената стерилизација;
- ✓ фотокопија од трансакциска сметка на сопственикот на кучето.

Доколку барателот на субвенцијата е сопственик на повеќе женки-кучиња и на сите има направено стерилизација, истиот треба да поднесе онолку барања колку што има третирани кучиња, односно посебно барање за секое куче.

Член 6

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, врз основа на уредно и комплетно поднесено Барање, ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Берово.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила од 01.01.2019 година и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-4256/1 Совет на Општина Берово
27.12.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Р А В И Л Н И К
за критериумите и постапката за субвенционирање
на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња
на територијата на општина Берово

Се објавува П Р А В И Л Н И К за критериумите и постапката за субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово, Бр.09-4257/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/8 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/2002) и член 19 став 2 точка 11 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово“ бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), а во врска со член 28 став 5 од Законот за заштита и благосостојба на животните, (“Службен Весник на Република Македонија” бр.149/2014, 149/2015 и 53/2016), Советот на Општина Берово на 16-тата седница одржана на ден 27.12.2018 година донесе:

П Р А В И Л Н И К
за критериумите и постапката за субвенционирање
на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња
на територијата на општина Берово

Член 1

Општина Берово ќе врши субвенционирање на 50 % од трошоците за стерилизација на 50 (педесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово.

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање за субвенционирање на 50% од трошоците за стерилизација на женки-кучиња на територијата на општина Берово, како и критериумите и постапката за субвенционирање.

Член 2

Субвенцијата се состои од:

• Покривање на 50% од трошоците кои лицето - сопственик на женка-куче ги има направено за стерилизација на истото.

Член 3

Малите и средните претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој и поради тоа потребно е континуирано да се работи на изнаоѓање стимулативни мерки за отварање на нови МСП, но исто така треба да им се даде поддршка на постоечките претпријатија во Општина Берово во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отворањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Берово преку програмите на *Агенцијат за вработување на Република Македонија*.

Поддршката во развојот на МСП и претприемништвото е планирана да се реализира преку следниве активности:

- **Модели на соработка со МСП, НВО, фондации и заинтересирани групи на граѓани**

**2.2.1.** Заедничка **промоција и маркетинг** (заедничко општинско настапување и **учество на саеми и други форми на презентација** на општината и стопанството). Настапот на саеми надвор од општината како и организација на општински саеми би се реализирала по пат на меѓусебно партнерство.

**2.2.2. Обуки за подигнување на вештини и знаења** (организација на обуки за информирање, едуцирање, доквалификации или преквалификации на човечките ресурси во стопанството).

**2.2.3.** Поддршка на активнстите за промоција на постојните капацитети и соработка со можни инвеститори (постојни хали и изнамјување на истите, опрема и човечки ресурси)

**2.2.4.** Одржување на работни состаноци на постојаното работно тело **„Економски-социјален совет“** при ЕЛС општина Берово

**Вкупно планиран буџет за 2.2.**

**2.3. Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој**

Искористувањето на сите ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно стратегиите за развој на Општина Берово, се темели на рационалната употреба преку следниве активности:

**2.3.1.** Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од **ИПАРД 2 програмата** како и за средствата од **АФПЗРР.**

Едукативните семинари ќе ги опфатат некои од мерките во Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на европската унија ИПАРД 2014-2020 како што се:

- Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства

- Поддршка за воспоствaување на групи на производители
- Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на
- земјоделски и рибни производи
- Агроеколошки мерки и органско производство
- Спроведување на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап
- Инвестиции во рурална јавна инфраструктура
- Диверзификација на земјоделски стопанства и развој на бизнис
- Воспоставување и заштита на шуми

**Семинарските и едукативни работилници** за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на експертите од МЗШВ, а во соработка со одделението за локален економски развој, за аплицирање и подготовка на проекти.

**2.3.2.** Поддршка на **<u>проекти и програми</u>** за искористување на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој поврзани со инфраструктурни планови, уредување на туристички и излетнички локалитети во руралните области. Зафатите би се реализирале преку **кофинансирање на проектите** со средства од **АФПЗРР** и други агенции.

Буџетско учество за финасирање по јавниот повик бр. 02/2018 за проектот „Реконструкција и рехабилитација на локален пат, с. Владимирово до спој со регионален пат Р 1304 с. Мачево“ со кој Општина Берово, аплицира за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година”, Мерка 321 Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини-Развој на јавна инфраструктура во руралните средини, точка 2. Инвестиции во локалната патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на села со регионален пат или со населено место-град во должина до 7 км. Учеството е за делот кој не го покрива програмата односно ДДВ од 4.054.793,00 ден. што е обврска на општините согласно правилта на програмата. Вкупната вредност на проектот е 22.526.625,00 ден.

Учество за финасирање по јавниот повик бр. 07/2018 за проектот „Рехабилитација на дел од локален пат  за пристап до земјоделско земјиште од с.Русиново до м.в Безгаштево“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година”, Мерка 124-Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството наменети за:

Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште во висина од 180.000,00 ден. Вкупната вредност на проектот е 1.180.000,00 ден.

Буџетско учество за финасирање по јавниот повик бр. 08/2018 за проектот „Партерно уредување и урбана опрема за Зелен пазар во Берово“за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година”, Мерка 123-Инвестиции за преработка и маркетинг на

земјоделски производи подмерка 123.3-Инвестиции во пазарна инфраструктура за постбербени активности во висина од 1.260.000,00ден. Вкупната вредност на проектот е 8.260.000,00 ден.

*Предвиден буџет*

**Вкупно планиран буџет за 2.3.**

### 2.4. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки

Еден од најважните аспекти за развој на локалната економија е поттикнувањето на партнерствата и зајакнување на стопанството преку воведување на стимулативни мерки.

Согласно Стратегиите за развој на Општина Берово и стратешките цели во делот на локалната економија од развојниот акционен план, предвидено е да се реализираат:

2.4.1. Етно плоштад фестивал-Саем на алтернативни форми на туризам-Малешевијата на дланка
(Понуда, храна, активности, сместување).

Саемот во организација на Општина Берово, треба да овозможи презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Веќе една деценија наназад ова е најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Воедно тоа ќе претставува и вистинска можност за воспоставување на меѓусебни мрежи и асоцијации за соработка и заеднички настап на хотелиерите, туристичките организации, туроператори и даватели на услуги, а ќе се реализира како:

- **Традиционална култура, обичаи, манифестации и фолклор**
- **Етно работилница**: Традиционална облека храна обичаи и др,
- **Малешевијата на дланка,** продажен дел на ракотворби, сувенири и еколошки производи (здрава храна),
- **Презентација на традиционалната кујна** од малешевијата
- Репарација на постојните и изработка на дрвени тезги

Предвиден буџет

2.4.2. Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини од земји членки на ЕУ во функција на искористување на средства од ЕУ фондови особено од Програмата Европа за граѓаните и др. За реализација на овие активности е неопходно да се организираат работни посети на претставници од сите свери во Општината Берово како и нивните претставници кај нас, а дел од трошоците се предвидени во рамки на буџетите од проектите во вид на патување, престој и материјали за средбите.

Предвиден буџет

**Вкупно планиран буџет за 2.4:**

### 2.5. Средства за учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила при апликацирање за одредени проекти, во зависност од донаторот се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се исполнат и се основен предуслов за аплицирање на проекти за одредени програми. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

2.5.1. Буџетско учество за финасирање со повраток на средствата по одобрена ревизија за реализација на проекти од ИПА фоондовите Interreg-IPA CBC PROGRAMME: 2014TC16I5CB006-2018-2 за проектот „ ***Заштита на жителите од една планина долж две реки“*** за кој средствата се рефундираат после извршена ревизија и одобрување за прифатливи трошоци за двата партнери ЕЛС општина Берово и Општина Струмјани. Истите се дел и од развојните програми а како проекти одобрени и усвоени од Советот на општина Берово. Вкупната финасиска конструкција за проектот е 24.587.003,00 денари (399.788,66 еур) и ќе се имплементира во период од 2 години.

Предвиден буџет

**2.5.2.** Партиципација, односно сопствено учество на Општина Берово за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Источниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој за предлог проект „Пешачка патека на река Брегалница“ каде општината ќе учествува со кофинансирање во висина од 371.322 ден.

Предвиден буџет

**2.5.3** Учество со сопствени редствата за реализација на проектот “Унапредување на општинското владеење” финансиран од Европската Унија преку Програмата за развој на Обединетите Нации за предлог проектот „Зелена машина за зелена иднина“

Предвиден буџет 123.000,оо ден

**2.5.4.** Учество во проектот на УНДП „Зајакнување на општинските совети“, кој е финансиски поддржан од СДЦ каде општината ќе го покрие трошокот за ангажман на лиценциран модератор/модераторка за модерирање на форумите во заедницата или буџетските форуми и инсталирање на е-контролната табла на општинската веб-страница со податоци за извршување на буџетот на тромесечна и на годишна основа.

Предвиден буџет 150.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.5. 273.000, оо ден.**

**2.6. Други оперативни расходи и договорни услуги**

За реализација на активностите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2019 година, потребни се средства кои се наопходни за

реализација на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат предвидените содржини во 2019 година

**2.6.1.** Одржување и контрола на **Системот за управување со квалитет по новиот стандард ISO 9001:2015** спроведување на Политиката за квалитет, која е дел од целокупната работна политика на институцијата и е заснована на примена и одржување на работен систем и на принципот за унапредување со квалитетот. Целта е потполно задоволување на барањата и воспоставување на новиот стандардот ISO 9001:2015, потребите и очекувањата на корисниците, со став за континуирано подобрување на системот за управување со квалитетот и зголемување на **ефективноста и ефикасноста** на комплетното работење на ЕЛС Општина Берово.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.6. 200.000.00 ден.**

**2.7 Подготовка на проекти**

Успешноста и реализацијата на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за Локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност, затоа е неопходно континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за ЛЕР и приближување кон европските стандарди.
Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирана е да се оствари преку:

**2.7.1.** ***Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции***

Предвиден буџет 0.оо ден

**2.7.2.** ***Превод на проектна документација и стручна литература***

Предвиден буџет 50.000.оо ден

**2.7.3.** ***Консултантски услуги за специфични проектни активностии подготовка на проектна документација***

Предвиден буџет 100.000,оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.7: 150.000.оо ден.**

**2.8. Опрема и софтвери за ИКТ**

За потребите на администрацијата и нејзино секојдневно функционирање а со цел подобра испорака на услугите кон граѓаните и компатибилност при користењето на е-апликациите потребно е да се изврши обновување на застарената ИКТ опрема, набавка и замена на потрошен материјал и делови за опремата. Од особено значење е обновување на лиценцираните софтверите со кои одредени области на давање на услуги кон крајните корисници (граѓаните и

фирмите) се користат од страна на општината како и воведување на нови софтверски решенија со цел ефикасно и ефективно работење на институцијата без влијание на човечкиот фактор. За непречено функционирање на ИТ и работата на службениците потребно е и целосна реконструкција на интернет мрежа во Општина Берово.

**2.8.1. *Набавка софтвери и ИКТ опрема***

2.8.1. Набавка ИКТ опрема за компатибилност при користењето на е-апликациите со лиценциран софтвер Windows 8 и лиценциран софтвер Microsoft Office.

Предвиден буџет
300.000.оо ден

2.8.2. Набавка на Клиентски софтвер за анти-вирусна заштита на работни станици (Microsoft Windows 10 Pro, 8.1 Pro, 8 Pro,7 Pro, Vista SP2, XP Pro SP3), мобилни уреди (Android 4.x – 7.0; iOS 8.0 – 9.3; Windows Phone 8.1, 10) и сервери (Microsoft Windows Server 2003 R2, 2008 R2, 2012 R2) за 1 година.

Предвиден буџет
80.000.оо ден

2.8.3.Набавка на UTM Firewall Router Уред за филтрирање на внатрешниот и надворешниот интернет сообраќај и пристап

Предвиден буџет
100.000.оо ден

2.8.4.Одржување на ЛТАС софтвер за локални даноци и такси по склучен договор со АСПЕКТ доо Скопје

Предвиден буџет
43.000.оо ден

2.8.5. Одржување на Интегриран систем за финансиски менаџмент по склучен договор со ЕДУСОФТ од Скопје во кој се опфатени:
1.Финансово работење со следење на буџет,
2. Плати со кадровска евиденција,
3.Благајничко работење,
4.Основни средства,
5.Ситен инвентар

Предвиден буџет
40.000.оо ден

2.8.6. Одржување на Пакет за Канцелариско и архивско работење 2.0 со скенирање и дистрибуција,Информационен систем за инспекциски надзор, ,Информационен систем за патен сообраќај, ,Информационен систем за уписник ИП1,Евиденција на предмети од првостепена управна постапка УП1 и Евиденција на предмети од преставки и предлози УПП

Предвиден буџет
79.000.оо ден

2.8.7. Одржување на компјутери и принтери

Предвиден буџет
138.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.8:**
**780.000,00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2019: 1.703.000,00 ден**

## 3. Рекапитулар

## /НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2019 ГОДИНА

| Бр. | Активност | Опис | Износ - Планирано МКД |
|---|---|---|---|
| 2.1. | **Операционализација на Стратегија за локален економски развој преку партиципативно учество на заедницата** | 2.1.1. Финансирање на локални микро проекти за потикнување на локалниот економски развој преку модел на ЈАВЕН ПОВИК за предлог проекти согласно стратегијата за развој со вклучување на МЗ, МСП, НВО за предлози кои се од јавен интерес за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните за 2019 година. | 300.000 |
| | | 2.1.2. Организирање на Форуми во заедницата во согласност со Статутот на ЕЛС Општина Берово | / |
| | | 2.1.3. Изработка на Интегрирани планови за локален развој во рамки на проектот “Унапредување на општинското владеење” преку организирање на работилници и вклучување на локалната заедница со експерти за периодот од 2019 до 2025. | / |
| | **Вкупно 2.1.** | | **300.000** |
| | | | |
| 2.2. | **Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото** | 2.2.1. Заедничка промоција и маркетинг (заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на општината и стопанството). Настапот на саеми надвор од општината како и организација на општински саеми би се реализирала по пат на меѓусебно партнерство. | / |
| | | 2.2.2. Обуки за подигнување на вештини и знаења (организација на обуки за информирање, едуцирање, доквалификации или преквалификации на човечките ресурси во стопанството). | / |
| | | 2.2.3. Поддршка на активнстите за промоција на постојните капацитети и соработка со можни инвеститори (постојни хали и изнамјување на истите, опрема и човечки ресурси) | / |
| | | 2.2.4. Одржување на работни состаноци на постојаното работно тело „Економски-социјален совет“ при ЕЛС општина Берово | / |
| | **Вкупно 2.2.** | | **0,00** |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.3. | **Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој** | 2.3.1.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од **ИПАРД програмата** како и за средствата од **АФПЗРР.** Едукативните семинари ќе ги опфатат сите Мерки од ИПАРД 2 програмата и тоа:<br>• Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства<br>• Поддршка за воспоставување на групи на производители<br>• Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на<br>• земјоделски и рибни производи<br>• Агроеколошки мерки и органско производство<br>• Спроведување на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап<br>• Инвестиции во рурална јавна инфраструктура | / |
| | | 2.3.2.. Инвестиции во локалната патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на села со регионален пат или со населено место-град во должина до 7 км. Мерка 321, Мерка 123 и Мерка 124. | |
| | **Вкупно 2.3.** | | **0,00** |
| 2.4 | **Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки** | 2.4.1. Етно плоштад фестивал-Саем на алтернативни форми на туризам-Малешевијата на дланка | / |
| | | 2.4.2. Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини од земји членки на ЕУ) исклучиво во функција на користење на средства од ЕУ фондови. | **/** |
| | **Вкупно 2.4.** | | **0,00** |
| 2.5. | **Средства за учество во имплеметација на меѓународни проекти** | 2.5.1 Буџетско учество за финасирање со повраток на средствата по одобрена ревизија за реализација на проекти од ИПА фоондовите Interreg-IPA CBC PROGRAMME: 2014TC16I5CB006-2018-2 за проектот „Заштита на жителите од една планина долж две реки“ | / |
| | | 2.5.2. Партиципација односно сопствено учество на Општина Берово за аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Источниот Плански Регион „Подобрување река Брегалница“ каде општината ќе учествува со кофинансирање во висина од 371.322 ден. | / |
| | | 2.5.3. Учество со сопствени редствата за реализација на проектот “Унапредување на општинското владеење” финансиран од Европската Унија преку Програмата за развој на Обединетите Нации за предлог проектот „Зелена машина за зелена иднина“ | 123.000 |
| | | 2.5.4. Учество во проектот на УНДП „Зајакнување на општинските совети“, кој што е финансиски поддржан од СДЦ каде општината ќе го покрие трошокот за ангажман на лиценциран модератор/модераторка за модерирање на форумите во заедницата или буџетските форуми и инсталирање на е-контролната табла на општинската веб-страница со податоци за извршување на буџетот на тромесечна и на годишна основа. | 150.000 |
| | **Вкупно 2.5.** | | **273.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.6. | **Оперативни расходи договорни услуги** | 2.6.1. Одржување и контрола на Системот за управување со квалитет по новиот стандард ISO 9001:2015. | 200.000,00 |
| | **Вкупно 2.6** | | **200.000,00** |
| 2.7. | Подготовка на проекти | 2.7.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции | 0,00 |
| | | 2.7.2. Превод на проектна документација и стручна литература | 50.000 |
| | | 2.7.3. Консултантски услуги за специфични проектни активностии подготовка на проектна документација | 100.000,00 |
| | **Вкупно 2.7** | | **150.000,00** |
| 2.8. | Опрема за ИКТ | 2.8.1. Набавка ИКТ опрема за компатибилност при користењето на е-апликациите со лиценциран софтвер Windows 8 и лиценциран софтвер Microsoft Office. | 300000,00 |
| | | 2.8.2. Набавка на Клиентски софтвер за анти-вирусна заштита на работни станици (Microsoft Windows 10 Pro, 8.1 Pro, 8 Pro,7 Pro, Vista SP2, XP Pro SP3), мобилни уреди (Android 4.x – 7.0 ; iOS 8.0 – 9.3; Windows Phone 8.1, 10) и сервери (Microsoft Windows Server 2003 R2, 2008 R2, 2012 R2) за 1 година | 80.000,00 |
| | | 2.8.3.Набавка на UTM Firewall Router Уред за филтрирање на внатрешниот и надворешниот интернет сообраќај и пристап | 100.000,00 |
| | | 2.8.4.Одржување на ЛТАС софтвер за локални даноци и такси по склучен договор со АСПЕКТ доо Скопје | 43.000,00 |
| | | 2.8.5. Одржување на Интегриран систем за финансиски менаџмент по склучен договор со ЕДУСОФТ од Скопје во кој се опфатени:<br>1.Финансово работење со следење на буџет,<br>2. Плати со кадровска евиденција,<br>3.Благајничко работење,<br>4.Основни средства,<br>5.Ситен инвентар | 40.000,00 |
| | | 2.8.6. Одржување на Пакет за Канцелариско и архивско работење 2.0 со скенирање и дистрибуција,Информационен систем за инспекциски надзор, ,Информационен систем за патен сообраќај, ,Информационен систем за уписник ИП1,Евиденција на предмети од првостепена управна постапка УП1 и Евиденција на предмети од преставки и предлози УПП | 79.000,00 |
| | | 2.8.7. Одржување на компјутери и принтери | 138.000,00 |
| | **Вкупно 2.8** | | **780.000,00** |
| | **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2019** | | **1.703.000,00** |

Број 09-4261/1
27.12. 2018 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7, член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Берово („Сл. гласник на општина Берово" број 13/02), Советот на општина Берово на 16-тата седница одржана на 27.12.2018 година, донесе:

**Измена и дополнување на Програмата**
**за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2019 година**

Член 1

Програмата за социјална заштита, се дополнува во табеларниот приказ за еднократна парична помош за новородено дете чии родители се жители на Општина Берово , за износ од 150.000,00 денари.

Член 2

Во програмата за социјална заштита табелата :

| ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ 3: **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | **Активност** | **Период на реализација** | **Корисници** | **Планирани средства** |
| 1. | Финансиска и друга помош на лицата со загрозена социјална положба | Континуирано во текот на целата година | • лица со ниски прамања;<br>• приматели на социјална помош;<br>• лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>• лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>• лица неспособни за работа | 90.000 денари од Буџет на Општина Берово |
| 2. | Финансиска и друга помош на социјално слаби семејства за комуналните расходи во домаќинството | Континуирано во текот на целата година | • лица со ниски прамања;<br>• приматели на социјална помош;<br>• лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>• лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>• лица неспособни за работа | 60.000 ден Буџет на Општина Берово |
| 3. | Субвенционирање на 50 семејства од социјално ранливи категории со плаќање на максимум 10 кубни метри вода секој месец | Континуирано во текот на целата година | • Лица со ниски примања или без примања<br>• Лица приатели на социјална помош | 250.000,00 денари- Буџет на Општина Берово |
| 4. | Новогодишни подароци за децата со посебни потреби и деца без родители и родителска грижа во Мал групен дом | Декември | Децата од мал групен дом и дневен центар за лица со посебни потреби | 10. 000 денари Буџет на Општина Берово |
| 5. | Набавка на социјални пакети | По потреба | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа | 20.000,00 денари Буџт на Општина Берово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Подршка на проектни активности на Здруженија на граѓани за хуманитарни акции | По потреба | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа | 30.000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| 8. | Подржка на иновативни форми од социјална заштита | По иницијатива | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа | 50.000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| | ВКУПНО | | | 510.000,00 |

Се заменува со табелата :

| ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ 3: **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | **Активност** | **Период на реализација** | **Корисници** | **Планирани средства** |
| 1. | Финансиска и друга помош на лицата со загрозена социјална положба | Континуирано во текот на целата година | • лица со ниски прамања;<br>• приматели на социјална помош;<br>• лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>• лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>• лица неспособни за работа | 90.000 денари од Буџет на Општина Берово |
| 2. | Финансиска и друга помош на социјално слаби семејства за комуналните расходи во домаќинството | Континуирано во текот на целата година | • лица со ниски прамања;<br>• приматели на социјална помош;<br>• лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>• лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>• лица неспособни за работа | 60.000 ден Буџет на Општина Берово |
| 3. | Субвенционирање на 50 семејства од социјално ранливи категории со плаќање на максимум 10 кубни метри вода секој месец | Континуирано во текот на целата година | • Лица со ниски примања или без примања<br>• Лица приатели на социјална помош | 250.000,00 денари- Буџет на Општина Берово |
| 4. | Новогодишни подароци за децата со посебни потреби и деца без родители и родителска грижа во Мал | Декември | Децата од мал групен дом и дневен центар за лица со посебни потреби | 10. 000 денари Буџет на Општина Берово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | групен дом | | | |
| 5. | Набавка на социјални пакети | По потреба | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа | 20.000,00 денари Буџт на Општина Берово |
| 6. | Подршка на проектни активности на Здруженија на граѓани за хуманитарни акции | По потреба | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа | 30.000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| 8. | Подржка на иновативни форми од социјална заштита | По иницијатива | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа | 50.000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| 9 | Еднократна парична помош за новородено дете | Континуирано во текот на целата година | • Новородени деца чии родители се жители на Општина Берово | 150.000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| | ВКУПНО | | | 660.000,00 |

Член 3

Вкупниот износ на распределените средства во табелата се менува од 510.000,00 денари во 660.000,00 денари

Член 4

Оваа измена на Програмата за социјална заштита влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово” и е составен дел на Програмата број 09-3940/1од 30.11.2018 година

Број 09-4262/1
27.12.2018 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2018 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2018 година, Бр.09-4263/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/14 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 76 став 1 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.12.2017 година донесе:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2018 година

1. Советот на Општина Берово го усвои Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Берово за 2018 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4263/1 Совет на Општина Берово
27.12.2017 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 34 став 2 алинеја 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.16/04...........209/2018), Градоначалникот на Општина Берово доставува:

ИЗВЕШТАЈ
За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година

Согласно Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2018 година, во која се предвидени средства за потребите за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Берово. Јавното претпријатие за државни патишта со Одлука за распределба на сретства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2018 год на Општина Берово и одобри средства во износ од 3.044.914,00 денари.

Програмата се одвиваше согласно утврдената динамика, така да во текот на 2018 година Општина Берово ги реализираше следните активности:

| | |
|---|---|
| **Изградба на локални патишта , улици и тротоари** | **5.032.092 ,00** |
| - Изградба на колско пешачка ул. Спој на ул. „Балканска“и ул.„Братство и Единство“ | 906.046,00 |
| - Изградба на кружна раскрсница | 451.373,00 |
| - Изградба на улица с.Смојмирово - Берово | 2.937.140,00 |
| - Изградба на тротоари на улици во Берово | 737.533,00 |
| **Реконструкција на локални патишта и улици** | **4.355.855 ,00** |
| - Реконструкција на улица „Борис Кидрич“ - Берово | 1.999.818,00 |
| - Реконструкција на улици с.Владимирово - Берово | 370.849,00 |
| - Реконструкција на улици „Паруца“ - Берово | 642.881,00 |
| - Реконструкција на дел од ул. „Димитрие Туцовиќ“ - Берово | 1.342.307,00 |
| **Одржување и заштита на локални патишта и улици** | **1.329.084,00** |
| - Изградба на потпорен зид ул.„Балканска“ - Берово | 850.000,00 |
| - Зимско Одржување на улици и локални патишта | 299.621,00 |
| - Одржување на локални патишта | 179.463,00 |
| **Изработка на хоризонтална сигнализација на улици во Берово** | **265.781,00** |
| **Крпење ударни дупки на улици** | **284.780,00** |
| **Отплата на кредит** | **2.337.414,00** |
| **Експропријација на земјиште за изградба на улици** | **590.000,00** |
| **Изработка на проекти и елаборати** | **1.219.458,00** |
| **Надзор на изградба на објекти** | **176.709,00** |
| **Вкупно потрошени средства 2018 год.** | **15.591.173,00** |

Изготвил
Драган Трнковски

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација, Бр.09-4264/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/15 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" Бр.61/04……192/2015), Советот на Општина Берово на 16-тата седница одржана на 27.12.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на донација
Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги, дадена од давателот ТДПИК Прима Инженеринг Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Берово се состои во:

- 4 (четири) броја Проектна документација, изработена од страна на ТДПИК Прима Инженеринг Скопје за Изградба на пречистителна станица за вода за пиење во с.Двориште, општина Берово;
- 2 (два) броја Ревидентски извештај на Проект за Изградба на пречистителна станица за вода за пиење во с.Двориште, општина Берово , изработен од страна на Аква Инженеринг ДОО Скопје и
- 2 (два) броја Хидролошка студија за водотекот Циронска река со притоките во село Двориште – општина Берово.

Член 3

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се прими и реализира согласно закон.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Берово, како примател на донацијата и ТДПИК Прима Инженеринг Скопје, како донатор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4264/1 Совет на Општина Берово
27.12.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
Измени и дополнувања на
Одлуката за уредување на општински линиски превоз
за подрачјето на Општина Берово

Се објавува Измена и дополнувања на Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово, Бр.09-4265/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/16 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на Рм„бр 5/2002) а во врска со член 22 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016;64/2018; 140/2018 и 163/2018), Советот на општина Берово на седницата одржана на 27.12.2018 година донесе:

Измени и дополнувања на
Одлуката за уредување на општински линиски превоз
за подрачјето на Општина Берово

Член 1

Во членот 4 став 1 од Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово бр. 09-3145/1 од 26.09.2018 година, зборовите „ 4 години „ се заменуваат со зборовите “5 години”.

Член 2

Во членот 6 став 2 од истата Одлука се врши дополнување на следните точки:

- Во точка 1 (Берово- Митрашинци) , во подточка 1 :
  после „13,00„ се додава „13,20„ ,
  после „14,00„ се додава „14,20„ и
  после „15,00„ се додава „15,20„ .
- Во точка 1 (Берово- Митрашинци) , во подточка 2 :
  после „13,30„ се додава „13,50„ ,
  после „14,30„ се додава „14,50„ и
  после „15,30„ се додава „15,50„ .
- Во точка 2 (Берово- Владимирово) , во подточка 1 :
  после „13,00„ се додава „13,20„ ,
  после „14,00„ се додава „14,20„ и
  после „15,00„ се додава „15,20„ .
- Во точка 2 (Берово- Владимирово) , во подточка 2 :
  после „13,30„ се додава „13,50„ ,

после „14,30„ се додава „14,50„ и
после „15,30„ се додава „15,50„ .

- Во точка 3 (Берово- Ратево) , во подточка 1 :
  после „13,00„ се додава „13,20„ ,
  после „14,00„ се додава „14,20„ и
  после „15,00„ се додава „15,20„ .
- Во точка 3 (Берово- Ратево) , во подточка 2 :
  после „13,30„ се додава „13,50„ ,
  после „14,30„ се додава „14,50„ и
  после „15,30„ се додава „15,50„ .
- Во точка 4 (Берово- Русиново) , во подточка 1 :
  после „13,00„ се додава „13,20„ ,
  после „14,00„ се додава „14,20„ и
  после „15,00„ се додава „15,20„ .
- Во точка 4 (Берово- Русиново) , во подточка 2 :
  после „13,30„ се додава „13,50„ ,
  после „14,30„ се додава „14,50„ и
  после „15,30„ се додава „15,50„ .
- Во точка 5 (Берово- Двориште) , во подточка 1 :
  пред „07,00„ се додава „06,00„ и
  после „08,00„ се додава „13,00„ .
- Во точка 5 (Берово- Двориште) , во подточка 2 :
  пред „08,00„ се додава „07,00„
  после „09,00„ се додава „14,00„ .

Во членот 6 став 2 по точка 5 подточка 2 се додава нова подточка 3 кој гласи:
"Оваа релација може да се вози и со комби возила со најмалку девет седишта (8+1).„

Член 3

Во членот 7 став 8 , став 9 и став 10 се бришат.

Се додава нов став 8 кој гласи:
„Доколку во постапката за одобрување на возен ред поднесат барање два или повеќе превозници , со иста почетна и крајна станица, приоритет има превозникот кој прв поднел барање.„
Ставот 11 станува став 9.
Ставот 12 станува став 10.
Ставот 13 станува став 11.

Член 4

Во членот 10 став 1 точка 2 зборовите „патничка, директна и брза„ се бришаат.

Член 5

Останатите одредби од Одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на Општина Берово, бр. 09-3145/1 од 26.09.2018 година донесена од Советот на Општина Берово , остануваат исти.

Член 6

Овие измени и дополнувања влегуваат во сила со денот на донесувањето и ќе се објават во „Службен Гласник на Општина Берово„ .
Бр.09-4265/1
Во Берово, 27. 12.2018 година

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на членови на

Совет за јавно здравје на подрачјето на Општина Берово

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на членови на Совет за јавно здравје на подрачјето на Општина Берово, Бр.09-4266/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/17 ОПШТИНА БЕРОВО

27.12.2018 год. Градоначалник

Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје ( “Службен Весник на Република Македонија” бр.22/10, 136/11, 144/2014, 149/2015 и 37/2016) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), како и Барањето на Дивна Соколчевска примено во Општина Берово под Бр.09-3654/2 од 23.11.2018 година и Барањето на Весна Коловска примено во Општина Берово под Бр.09-3654/3 од 23.11.2018 година за разрешување од функцијата членови на Совет за јавно здравје, Советот на Општина Берово на 16-тата седницата одржана на 27.12.2018 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и именување на членови на

Совет за јавно здравје на подрачјето на Општина Берово

1. Од функцијата член на Совет за јавно здравје на подрачјето на Општина Берово, на нивно Барање се разрешуваат:
   - Дивна Соколчевска и
   - Весна Коловска.
2. За нови членови на Совет за јавно здравје на местото на лицата од член 1 на ова Решение се именуваат:
   - Виолета Кацарска и
   - Гордана Руменовска Алексовска.
3. Ова Решение е составен дел на Решението за формирање на Совет за јавно здравје и определување на членови на подрачјето на Општина Берово Бр. Бр.09-3654/1 од 06.11.2018 година и влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4266 /1 Совет на Општина Берово

27.12.2018 година Претседател

Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
За формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Берово

Се објавува О Д Л У К А Т А За формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Берово, Бр.09-4267/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/18 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр.5/02) чл.16 ст.10 од Статутот на Општина Берово, а во врска со член 94 став 3 од Законот за заштита и спасување ( „Службен весник на РМ“ бр.36/04, 49/04, 86/08 ,124/2010 ,18/2011,41/2014 , 129/2015 , 71/2016,106/16 и 83/18 ), член 10 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување ( „Службен весник на РМ“ бр. 12/06), а согласно со Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување ( „Службен весник на РМ“ бр.124/06), Советот на општина Берово на седницата, одржана на ден 27.12. 2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Берово**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Штаб за заштита и спасување, во рамките на просторните сили на општината Берово.

Штабот за заштита и спасување е оперативно стручно тело, кое раководи со силите за заштита и спасување и со другите учесници
ангажирани во заштитата и спасувањето.

Член 2

Штабот за заштита и спасување на Општината во својот состав има:
**Командант** на штабот;
**Началник** на штабот;
**Помошници** на началникот на штабот, за:
- оперативни работи;

хуманитарни мерки за заштита и спасување :
- прва медицинска помош;
- згрижување и евакуација;

технички мерки за заштита и спасување:
- заштита и спасување од пожари;
- заштита и спасување од поплави

**Помошен персонал** : - извршител – администратор;
- извршител – курир / возач.

Член 3

Командантот, началникот и членовите на Штабот за заштита и спасување ќе ги именува Советот на општината Берово, со посебна Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во„Службен гласник на општината Берово“.

Бр.09-4267 /1 Совет на Општина Берово
27.12.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
За именување Командант, Началник и членови на
Штабот за заштита и спасување на општината Берово

Се објавува О Д Л У К А За именување Командант, Началник и членови на Штабот за заштита и спасување на општината Берово, Бр.09-4268/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/19 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), чл.16 ст.10 од Статутот на Општина Берово (“Службен Гласник на Општина Берово бр. 13/02 , 18/07, 30/08 и 20/10) а во врска со член 110 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.36/04, 49/04 ,86/08, 124/2010 ,18/2011,41/2014 , 129/2015 , 71/2016), член 12 став 1 од Уредбата за начинот на пополнување на резервниот состав на силите за заштита и спасување исредствата од материјална обврска („Службен весник на РМ“ бр.18/06), член 2 од Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување ( „Службен весник на РМ“ бр. 124/06), член 3 од Одлуката за формирање Штаб за заштита и спасување на општината Берово, Советот на општина Берово на седницата, одржана на 27.12.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За именување Командант, Началник и членови на**
**Штабот за заштита и спасување на општината Берово**

Член 1

**За Командант** на Штабот за заштита и спасување на општината Берово се именува **Звонко Пекевски**- од Берово, Градоначалник на Општина Берово

За **Началник** на Штабот за заштита и спасување на општината Берово се именува **Мишо Догазански**- дипл.град.инжинер -вработен во општина Берово

За **помошник на Началникот за оперативни работи** се именува **Зоран Нешкевски** од Берово , дипломиран машински инжинер вработен во Општина Берово

**За помошник на Началникот за прва медицинска помош** се именува **Ванчо Биковски** од Берово , лекар специјалист, вработен во Здравен Дом Берово

**За помошник на Началникот за згрижување и евакуација** се именува **Венко Цоцовски** од Берово , дипломиран проф . по физичка култура вработен во Општина Берово

За **помошник на Началникот за заштита и спасување од пожари** се **именува Трајановски Коста** , дипломиран машински инженер

**За помошник на Началникот за заштита и спасување од поплави** се именува **Зоран Аговски** , дипломиран инженер геолог

Помошен персонал :

- **Блаже Буровски** извршител – **администратор**;
- **Зифовски Митко** , извршител – **курир / возач**;
- **Белчовски Војо** ,извршител –**курир/возач;**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Берово“.

Бр.09-4268 /1 | Совет на Општина Берово
27.12.2018 година | Претседател
Б е р о в о | Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А

За формирање на Единица за Противпожарна заштита на општината Берово

Се објавува О Д Л У К А Т А За формирање на Единица за Противпожарна заштита на општината Берово, Бр.09-4269/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/20 | ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. | Градоначалник
Б е р о в о | Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 94, став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ„бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/2010 ,18/2011,41/2014 , 129/2015 , 71/2016, 106/16 и 83/18), член 8 од Уредбата за видот ,големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Службен весник на РМ„бр.12/06) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.12.2018 донесе:

**О Д Л У К А**

**За формирање на Единица за Противпожарна заштита на општината Берово**

Член 1

| Април | Советот на општината ја разгледува фискалната стратегија на општината за следната година. |
| Април- Мај | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| Јуни | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог –пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| Јули – Август | Одделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет |
| Август | Градоначалникот ги разгледува новите барања и предлози и по нив одлучува и дава насоки |
| 30 Септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година |
| Октомври | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината |

| | |
|---|---|
| 20 октомври | Градоначлникот доставува предлог-план на програми за развој; |
| Ноември<br><br><br><br>15 ноември | - Предлог-буџетот се доставува до Советот на општината<br>- Се објавува содржината на Предлог-буџетот и се дава достапност на јавноста<br>- Се одржуваат јавни расправи и форуми:<br>- Одобрување на предлог-планот на програмите за развој |
| Декември | Градоначалникот го доставува конечниот Предлог-буџет до Советот |
| Декември | Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-буџет |
| Крај на Декември | Седница на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година |
| Јануари | Почеток на новата буџетска година |

09-4286/1 Совет на општина Берово
27.12. 2018 г. Претседател
Берово Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А Т А

за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година

Се објавува О Д Л У К А Т А за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година, Бр.09-4287/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/38 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002) , член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09,47/11, 192/15 и 209/2018), член 31 од Законот за буџетите ( Службен весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18) и член 90 од Статутот на Општина Берово (Сл.гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на 16 –тата седница одржана на 27.12.2018 година донесе:

## О Д Л У К А
## за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2019 година

Член 1

Буџетот на Општина Берово за 2019 година (во натамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности;
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски,рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот на Општината.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15-ти ноември во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Одобрените средства во Буџетот на ниво на ставки во рамките на потпрограма и Буџет не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставки во рамките на Буџетот на можат да се зголемат со прераспределби за повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие Буџети кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средства во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот односно бруто платите се утврдуваат:

- на избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година;

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на општината;

- за вработените кои немаат статус на административни службеници платите се утврдуваат врз основа на Законот за работни односи и вредноста на бодот изнесува 10 денари;

- вредноста на бодот на вработените во Територијалната противпожарна единица изнесува 20,8 денари.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2019 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниот начин:

- Средствата ќе се планираат на наменската сметка – дотации ( 930 ), а ќе се извршуваат преку сметката дотации на локалните јавни установи (903);
- Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до општината да доставаат барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе

ги приложат обрасците ( копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

- Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот Буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства, доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во висина од 50% од просечната месечна плата во Републиката исплатена во претходната година.

На Претседателот на Советот,за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30% од утврдениот надоместок во став 1 од овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30 % за секое отсуство од седница на Советот на општината.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува,доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку Советот на Општината во тековниот месец нема одржано седница.,

Член 13

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 500,00 денари и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница, од 12,01 мин. – 24 часа цела дневница и 20% од утврдената дневница ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата.

За службените патувања дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Член 14

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404150 – Други надоместоци на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60% од просечната месечна нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата.

Член 15

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 16

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавките на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи од 6.000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користење на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е00 расходно конто 464990 – Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Надоместокот на отпремнина за пензионирање на вработените во локалните јавни установи , ќе се исплатува од соодветната потпрограма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464940 - трансфери при пензионирање.

Исплатата на надоместокот за отпремнина за пензионирање ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

Член 19

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000,00 денари, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), доколку живеел во заедница, на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110 – Тековни резерви ( разновидни расходи ).

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со исто место на живеење на иста адреса што се докажува со соодветен документ за идентификација (лична карата или пасош).

Надоместоците од став 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта,односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

На работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремено вработување, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 20

Исплата на име јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 – Други трансфери на основа на донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

Член 21

Средствата утврдени во потпрограмата Г10-Подршка на локалниот економски развој, потставката 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации врз основа на поднесени барања и проекти кои овозможуваат развој на локалната заедница.

За средства потребни за одредени проектни активности на здруженијата на граѓани и фондации до износ од 10.000,00 денари, одлучува Градоначалникот, додека за поголеми износи одлучува Советот на Општината.

Градоначалникот во писмена форма доставува до Советот информација по истекот на секој квартал за висината на средствата кои се дадени и називот на субјектот.

Член 22

За секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во општина Берово, ќе се врши исплата на 3.000,00 ден. од потставка – 464990 – Други трансвери, програма А0 согласно програмата за социјална заштита.

Член 23

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 24

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата,образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии,врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното Министерство за потреба од вработување во локалните јавни установи,со соодветна пропратна документација.

Член 25

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 26

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се

враќа првенствено на товар на видот на приходите кои се уплатени, а до колку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 27

Буџетот на Општина Берово за 2019 година се извршува од 01.01.2019 до 31.12.2019 година.

Член 28

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово", а ќе се применува од 01.01.2019 година.

Бр. 09-4287/1 Совет на Општина Берово
27.12.2018 година Претседател
Берово Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите

на административните службеници во Општина Берово 2019 година

Се објавува О Д Л У К А Т А за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година, Бр.09-4288/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.12.2018 година.

Бр.08-4289/39 ОПШТИНА БЕРОВО
27.12.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (Службен Весник на РМ бр.(27/2014……..11/2018), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 90 од Статутот на Општина Берово (Службен Гласник на Општина Берово бр. 13/02,18/07,30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 27.12.2018 година донесе:

## ОДЛУКА
### за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово 2019 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во Општина Берово.

Член 2

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот.

Вредноста на бодот на платите на административните службеници за 2019 година изнесува 76,8 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на стапување во сила на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Берово за 2019 година и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4288/1
27.12.2018 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.5/2002), и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр.13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), член 5 од Правилникот за критериумите, постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош на физички лица (“Службен гласник на Општина Берово” бр.29/2016) Советот на Општина Берово на седницата одржана на ден 27.12.2018 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година

1. На Весна Црначка од с. Двориште - Берово со xxxxxxxxxxxxxxxx, со адреса на живеење на ул. „ x” бр. xx во с. Двориште - Берово и се доделуваат 10.000,оо денари како еднократната парична помош.

2. Средствата за таа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2018 година, програма А0, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи).

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања на Општина Берово да го спроведе ова Решение на трансакциска сметка бр.xxxxxxxxxxxxxx на Уни Банка.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-4231/3 Совет на Општина Берово
27.12.2018 година Претседател
Берово Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.05/2002), член 4 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош бр. 01 - 543/1 од 01.03.2016 година, и врз основа на поднесеното барање со број 08 - 3995/1 од 04.12.2018 година и Записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош со архивски број 08 – 4094/2 од 17.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе

РЕШЕНИЕ
за исплата на парична помош
од Буџетот на Општина Берово за 2018 година

1. Од средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година на лицето Атанас Вучковски со адреса на живеење во с.Митрашинци, Берово со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxxx, да се исплати парична помош во висина од 2.000,оо денари поради потребно болничко лекување.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2018 година програма А0 Совет на Општина, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на Атанас Вучковски на трансакциска сметка xxxxxxxxxxxxxx на Уни Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од страна на лицето Атанас Вучковски е поднесено Барање за добивање на еднократна парична помош со наш архивски број 08 – 4094/1 примено во архива на Општина Берово на ден 12.12.2018 година.

Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош го разгледа поднесеното барање на ден 17.12.2018 година и од страна на Комисијата е изготвен Записник со архивски број 08 – 4094/2 од 17.12.2018 година, во кој е констатирано дека барателот во прилог на поднесеното барање има доставено: 1. Фотокопија од лична карта, издадена од МВР Берово, со датум на издавање 08.02.2009 година и важност до 07.02.2019 година, 2. Број на трансакциска сметка во Уни Банка, 3. Потврда од АВРМ бр. 2279325 од 12.12.2018 година дека барателот

е евидентиран како невработено лице сметано од 20.02.2014 година, и 4. Лекарска потврда од ПЗУ ординација по општа медицина АЛМЕТО МЕДИКА бр. 6968 од 12.12.2018 година за здравствената состојба на подносителот на барањето.

Од приложените документи, Комисијата констатираше дека потребната документација е комплетна и барателот ги исполнува критериумите за доделување на средства за еднократна парична помош согласно член 4 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош со архивски број 01 - 543/1 од 01.03.2016 година.

Врз основа на претходнонаведеното, Градоначалникот одлучи како во член 1 од изреката на ова Решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе приговор до градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена од приемот на истото.

Бр. 08 – 4094/3
17.12.2018 година
Берово

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.05/2002), член 5 став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош бр. 01 - 543/1 од 01.03.2016 година, и врз основа на поднесеното барање со број 08 - 4231/1 од 25.12.2018 година и Записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош со архивски број 08 – 4231/2 од 27.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе

## РЕШЕНИЕ
### за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година

1. Од средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година на лицето Весна Црначка со адреса на живеење ул. „5“ бр. xx во с.Двориште, Берово со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxx, да се исплати парична помош во висина од 4.000,оо денари поради незавидна финансиска состојба.
2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2018 година програма А0 Совет на Општина, потставка 464 990 други трансфери.
3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на Весна Црначка на трансакциска сметка xxxxxxxxxxxxxx на Уни Банка АД Скопје.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од страна на лицето Весна Црначка е поднесено Барање за добивање на еднократна парична помош со наш архивски број 08 – 4231/1 примено во архива на Општина Берово на ден 25.12.2018 година.

Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош го разгледа поднесеното барање на ден 27.12.2018

година и од страна на Комисијата е изготвен Записник со архивски број 08 – 4231/2 од 27.12.2018 година, во кој е констатирано дека барателот во прилог на поднесеното барање има доставено: 1. Фотокопија од лична карта, издадена од МВР Берово, со датум на издавање 23.05.2011 година и важност до 22.05.2021 година, 2. Број на трансакциска сметка во Уни Банка, 3. Потврда од АВРМ Центар за вработување Берово број 2280851 од 25.12.2018 година со која се потврдува дека лицето е евидентирано како невработено лице сметано од 29.12.2017 година и не е корисник на паричен надоместок.

Од приложените документи, Комисијата констатираше дека потребната документација е комплетна и барателот ги исполнува критериумите за доделување на средства за еднократна парична помош согласно член 5 став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош со архивски број 01 - 543/1 од 01.03.2016 година.

Врз основа на претходнонаведеното, Градоначалникот одлучи како во член 1 од изреката на ова Решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе приговор до градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена од приемот на истото.

Бр. 08 – 4231/3
27.12.2018 година
Берово

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.05/2002), член 4 став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош бр. 01 - 543/1 од 01.03.2016 година, и врз основа на поднесеното барање со број 08 - 3904/1 од 29.11.2018 година и Записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош со архивски број 08 – 3904/2 од 05.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе

РЕШЕНИЕ
за исплата на парична помош
од Буџетот на Општина Берово за 2018 година

1. Од средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година на лицето Драги Тушевски со адреса на живеење ул.„Маршал Тито“ бр.хх од с.Русиново, Берово со ЕМБГ ххххххххххххххх, да се исплати парична помош во висина од 10.000,оо денари поради потребно болничко лекување.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2018 година програма Д0 Градоначалник, потставка 413 110 тековни резерви (разновидни расходи).

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на Драги Тушевски на трансакциска сметка хххххххххххххх на Стопанска Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од страна на лицето Драги Тушевски е поднесено Барање за добивање на еднократна парична помош со наш архивски број 08 – 3904/1 примено во архива на Општина Берово на ден 29.11.2018 година.

Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош го разгледа поднесеното барање на ден 05.12.2018 година и од страна на Комисијата е изготвен Записник со архивски број 08 – 3904/2 од 05.12.2018 година, во кој е констатирано дека барателот во прилог на поднесеното барање има доставено: 1. Фотокопија од лична карта, издадена од МВР Берово, со датум на издавање 12.03.2014 година и важност до 11.03.2024 година, 2. Број на трансакциска сметка во Стопанска Банка, 3. Копија од бронхоскопија и фактури од Аџибадем Систина, 4. Копија од лекарски извештај од 05.09.2018 година, 5. Копија од фискална сметка, 6. Копија од КТ на торакс, 7. Копија од кардиографија со колор доплер од специјалистичка ординација по интерна медицина и кардиологија Д-р Данаилов и копија од фискална сметка, 8. Копија од извештај од специјалистот од ЈЗУ УКРО Скопје.

Од приложените документи, Комисијата констатираше дека потребната документација е комплетна и барателот ги исполнува критериумите за доделување на средства за еднократна парична помош согласно член 4 став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош со архивски број 01 - 543/1 од 01.03.2016 година.

Врз основа на претходнонаведеното, Градоначалникот одлучи како во член 1 од изреката на ова Решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе приговор до градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена од приемот на истото.

Бр. 08 – 3904/3<br>05.12.2018 година<br>Берово

Општина Берово<br>Градоначалник<br>Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.05/2002), член 4 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош бр. 01 - 543/1 од 01.03.2016 година, и врз основа на поднесеното барање со број 08 - 3995/1 од 04.12.2018 година и Записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош со архивски број 08 – 3995/2 од 05.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе

## РЕШЕНИЕ
### за исплата на парична помош
### од Буџетот на Општина Берово за 2018 година

1. Од средствата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година на лицето Звонко Глинџурски со адреса на живеење ул.„10“ бр.xxx од с.Двориште, Берово со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxxxxxx, да се исплати парична помош во висина од 2.000,оо денари поради потребно болничко лекување.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2018 година програма А0 Совет на Општина, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на Звонко Глинџурски на трансакциска сметка xxxxxxxxxxxxxxxx на Уни Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од страна на лицето Звонко Глинџурски е поднесено Барање за добивање на еднократна парична помош со наш архивски број 08 – 3995/1 примено во архива на Општина Берово на ден 04.12.2018 година.

Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош го разгледа поднесеното барање на ден 05.12.2018 година и од страна на Комисијата е изготвен Записник со архивски број 08 – 3995/2 од 05.12.2018 година, во кој е констатирано дека барателот во прилог на поднесеното барање има доставено: 1. Фотокопија од лична карта, издадена од МВР Берово, со датум на издавање 02.12.2009 година и важност до 01.11.2019 година, 2. Број на трансакциска сметка во Уни Банка, 3. Копија од отпусно писмо од Струмица, 4. Копија од извештај – радиодијагностички наод од Струмица, 5. Копија од извештај на специјалистот – субспецијалистот од Скопје, 6. Копија од извештај на специјалистот – субспецијалистот од Струмица, 7. Копија од радиодијагностички наод од Струмица, 8. Копија од радиодијагностички наод од Берово.

Од приложените документи, Комисијата констатираше дека потребната документација е комплетна и барателот ги исполнува критериумите за доделување на средства за еднократна парична помош согласно член 4 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош со архивски број 01 - 543/1 од 01.03.2016 година.

Врз основа на претходнонаведеното, Градоначалникот одлучи како во член 1 од изреката на ова Решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе приговор до градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена од приемот на истото.

Бр. 08 – 3995/3
05.12.2018 година
Берово

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002), член 22 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2018 година со архивски број 09 – 2226/1 од 27.12.2017 година, Дополнување на програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита со архивски број 09 – 2229/1 од 27.12.2017 година, Записник со архивски број 08 - 4122/2 од 17.12.2018 година, а согласно член 6 став 5 од Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со наш архивски број 09 – 765/1 од 02.03.2018 година и член 1 став 1 алинеја 2 од Измена на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 – 3922/1 од 30.11.2018 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе

РЕШЕНИЕ
за исплата на средства
од Буџетот на Општина Берово за 2018 година

1. На лицето Емилија Сачкарска со адреса на живеење „Карпош“ број хх од Берово со ЕМБГ ххххххххххххх, од Буџетот на Општина Берово за 2018 година се доделува парична помош во висина од 3.000,оо денари за новородено дете.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2018 година програма А0 Совет на Општина, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на Емилија Сачкарска, на трансакциска сметка број ххххххххххххххх на Стопанска Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето Емилија Сачкарска со адреса на живеење „Карпош“ број хх од Берово, достави Барање за исплата на парична помош за новородено дете до Градоначалник на Општина Берово со архивски број 08 – 4122/1 од 14.12.2018 година.

Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош направи увид во доставената документација и констатираше со записник со архивски број 08 - 4122/2 од 17.12.2018 година дека барателот има доставено комплетна документација согласно член 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со наш архивски број 09 – 765/1 од 02.03.2018 година и член 1 став 1 алинеја 2 од Измена на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 – 3922/1 од 30.11.2018 година и дека истиот ги исполнува условите за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година.

Согласно член 22 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2018 година со архивски број 09 – 2226/1 од 27.12.2017 година, за секое новородено дете чии родители се со место на живеење во Општина Берово, ќе се врши исплата на 3.000,оо денари од потставка 464 990 – други трансфери, од програмата А0 согласно програмата за социјална заштита.

Врз основа на претходно наведеното, Градоначалникот одлучи како во член 1 од изреката на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе приговор до Градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена по приемот на истото.

Бр. 08 – 4122/3
17.12.2018 година
Берово

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/2002), член 22 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2018 година со архивски број 09 – 2226/1 од 27.12.2017 година, Дополнување на програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита со архивски број 09 – 2229/1 од 27.12.2017 година, Записник со архивски број 08 - 4117/2 од 17.12.2018 година, а согласно член 6 став 5 од Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со наш архивски број 09 – 765/1 од 02.03.2018 година и член 1 став 1 алинеја 2 од Измена на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 – 3922/1 од 30.11.2018 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе

РЕШЕНИЕ
за исплата на средства
од Буџетот на Општина Берово за 2018 година

1. На лицето Љупка Пехчевска со адреса на живеење „Цветан Димов" број xx од Берово со ЕМБГ xxxxxxxxxxxxxxxxx, од Буџетот на Општина Берово за 2018 година се доделува парична помош во висина од 3.000,оо денари за новородено дете.

2. Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Берово за 2018 година програма А0 Совет на Општина, потставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања да го реализира ова Решение на име на Љупка Пехчевска, на трансакциска сметка број xxxxxxxxxxxxxxxxx на Комерцијална Банка АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето Љупка Пехчевска со адреса на живеење „Цветан Димов" број xx од Берово, достави Барање за исплата на парична помош за новородено дете до Градоначалник на Општина Берово со архивски број 08 – 4117/1 од 13.12.2018 година.

Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош направи увид во доставената документација и констатираше со записник со архивски број 08 - 4117/2 од 17.12.2018 година дека барателот има доставено комплетна документација согласно член 5 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со наш архивски број 09 – 765/1 од 02.03.2018 година и член 1 став 1 алинеја 2 од Измена на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете со архивски број 09 – 3922/1 од 30.11.2018 година и дека истиот ги исполнува условите за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година.

Согласно член 22 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово за 2018 година со архивски број 09 – 2226/1 од 27.12.2017 година, за секое новородено дете чии родители се со место на живеење во Општина Берово, ќе се врши исплата на 3.000,оо денари од потставка 464 990 – други трансфери, од програмата А0 согласно програмата за социјална заштита.

Врз основа на претходно наведеното, Градоначалникот одлучи како во член 1 од изреката на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе приговор до Градоначалникот на Општина Берово во рок од 8 дена по приемот на истото.

Бр. 08 – 4117/3
17.12.2018 година
Берово

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” бр.05/2002), а во врска со член 31 став 2 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004………209/2018) и Барањето за спонзортство од Средношколската заедница при ОСУ “Ацо Русковски” Берово Бр.08-4233/1 од 25.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

РЕШЕНИЕ
за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово

1.Од средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година на лицето кое ќе биде добитник на среќниот тикет на новогодишната лотарија организирана од страна на Средношколската заедница при ОСУ “Ацо Русковски” Берово да се исплати парична награда во висина од 3.000,оо денари.

2. По достава на комплетна долкументација од страна на добитникот, која вклучува Известување од Претседателот на средношколската заедница, фотокопија од лична карта и трансакциска сметка, ќе се изготви Решение врз основа на кое средствата ќе бидат исплатени на добитникот од Буџетот на Општина Берово за 2019 година програма Д0 Градоначалник, ставка 413, подставка 413 110 тековни резерви (разновидни расходи).

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 08 – 4233/2
26.12.2018 година
Берово

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

ИЗДАВА:
ОПШТИНА БЕРОВО